**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр. 02-1133**

# З А П И С Н И К

**Од 107-ма седница на Програмскиот совет на ЈРП Македонска Радио Телевизија одржана на 13.02.2020 година.**

**ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**
проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Зам.Претседател на Програмскиот совет,м-р Јагнула Куновска,Снежана Клинчарова,Селпин Керим,Ивана Трајковска,м-р Ристе Панов,Илир Рамадани,Косана Николиќ Мазнева, Анита Латифи и Златко Јанковски.

**ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**
д-р Агим Лека и Гајур Рамадани.

**ДРУГИ ПРИСУТНИ:**
Дарко Стефановски-Претседател на Надзорниот одбор на МРТ.

Седницата започна во 12:15 часот.

Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет го разгледа предложениот Дневен ред.
Членот Златко Јанковски пред гласањето на дневниот ред со забелешка по однос на Заклучоците кои Програмскиот совет ги донесе во неколку предходни седници, а по кои сеуште нема никаков одговор од надлежните во МРТ,притоа додавајќи дека поради тоа што истиот овој случај се провлекува неколку седници, овој пат нема да гласа за дневниот ред за денешната седница.
На ова излагање се надвоврза и Ивана Трајковска која додаде и тоа дека Програмскиот совет на МРТ како највисоко тело во куќата, мора да изнајде некаков одгвор на игнорантскиот однос на Директорот на МРТ, а не само да му служи за потпис на службени патувања и годишни одмори.

Програмскиот совет по расправта со 9 гласа ЗА и 2 гласа ПРОТИВ го усвои Дневниот ред.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на Записникот од 106-та седница на Програмскиот совет на МРТ.

2. Информација во врска со регионалниот состанок за моделите на управување, регулација и финансирање на јавните медиумски сервиси од западен Балкан

3. Информација во врска со Петгодишната стратегија за развој на МРТ.

4. Разно.

**ТОЧКА 1:Разгледување и усвојување на Записникот од 106-та седница на Програмскиот совет на МРТ.**

Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 106-та седница на Програмскиот Совет на МРТ.

Во расправата по запиникот од 106-та седница на Програмскиот совет на МРТ со помали забелешки се јавија членовите Илир Рамадани и Ристе Панов.

По расправата записникот од 106-та седница на Програмскиот совет беше ставен на гласање.

Програмскиот совет едногласно **го усвои** запсиникот од 106-та седница на Програмскиот совет на МРТ со забелешките.

**ТОЧКА 2: Информација во врска со регионалниот состанок за моделите на управување, регулација и финансирање на јавните медиумски сервиси од западен Балкан.**

Членот на советот Ристе Панов ги информираше присутните членови за одржаната Национална тркалезна маса: Јавниот медиумски сервис МРТ– финансирање, управување и регулација. Тој ги посочи темите кои биле опфатени во дискусијата а се однесувале за финансирањето на јавниот сервис и непочитувањето на законскиот процент на исплата на средствата, за потребата од промена на статусот на вработените, за надворешното влијание врз јавниот сервис, статусот на МРТ како јавно претпријатие или како јавен сервис и за други теми.

Тој посочи дека меѓу дискутантите биле Директорот на МРТ, Претседателката на ПС на МРТ, од АВМУ, претставниици на владата и парламентот, од граѓанскиот сектор, претставници од меѓународните организации и експерти.

Ристе Панов ја прочита заедничката изјава, од кои произлегоа заклучоци од дводневната тркалезна маса.

Меѓудругото на средбата беше изразена загриженост за тешкотиите на јавниот радиодифузен сервис во исполнувањето на обврските кон општеството поради проблемите од финансиска и правна природа, како и поради административните пречки и беше препорачано сите релевантни институции, вклучително и цивилниот сектор, со заеднички сили да упатат итни прашања, што треба да бидат решени како приоритет веднаш по формирањето на новата влада, а како основно и најважно прашање да биде прашањето на обезбедување и почитување на законските решенија и правилна имплементација на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а посебно на одредбите што се однесува на независноста на јавниот медиумски сервис и неговото финансирање.

**ТОЧКА 3: Информација во врска со Петгодишната стратегија за развој на МРТ.**

Пред присутните беше доставена на разгледување Предлог верзија на петгодишна стратегија за развој на МРТ со која стратегија се планира како МРТ во периодот до 2024 година да стане лидер во медиумската сфера со промоција на нови вредности и квалитативни системи, што ќе донесе ефект на најгледан и најслушан медиум во државата.

Членовите на Програмскиот совет се сложија дека оваа стратегија треба да биде донесена од страна на советот но предходно да помине и други фази на разгледување,преку јавни дебати на кои ќе биде вклучена и стручната фела но и јавноста во државата, па на крај како финален продукт да се достави на седница на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 4:Разно**
По оваа точка членот на советот Ведат Мемедалија предложи Заклучок:
•Се задолжува стручните служби во МРТ да изготват Информација во која ќе биде содржан степенот на реализација на Заклучоците што Програмскиот совет на МРТ ги донесол на свои седници во 2019 година.
-Заклучокот беше едногласно усвоен од страна на Програмскиот совет на МРТ.

Седницата заврши во 13:10 часот.

Записничар:
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател